**201909801249**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 март 2019 година.

Бр. 08-2168/2
17 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Член 1

Во Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” број 44/99, 86/99, 8/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16 и 198/18), во членот 51 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Даночните обврзници од ставот (4) на овој член, пријавата за регистрација за данокот на додадена вредност од ставот (5) на овој член, можат да ја поднесат и преку Централниот регистар на Република Македонија.“.

Ставот (6) станува став (7).

Во ставот (7) кој станува став (8) зборовите: „став 6“ се заменува со зборовите: „став 7“.

Во ставот (8) кој станува став (9) зборовите: „ставот 7“ се заменува со зборовите: „ставот 8“.

Ставовите (9), (10), (11) и (12) стануваат ставови (10), (11), (12) и (13).

Член 2

Во членот 51-а зборовите: „ставови (6), (7) и (12)“ се заменуваат со зборовите: „ставови (7), (8) и (13)“.

Член 3

Во членот 59 став (1) зборовите: „(член 51 став (10))“ се заменуваат со зборовите: „(член 51 став (11))“.

Член 4

Во членот 60 став (1) точка 3) зборовите: „(член 51 став (10))“ се заменуваат со зборовите: „(член 51 став (11))“.

Член 5

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за данокот на додадена вредност.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.